# НЕНАД СТОШИЌ

циклус

# ПЕНЏЕР

слики



Куманово
2006



НЕНАД СТОШИЌ
е роден на 22.08.1965 год. во Куманово.
Со сликарство се занимава од 1986 год.
Член е на ДЛАМ.
Ова му е трета самостојна изложба.
Адреса: “Никшиќка“ бр.8 - 2/12, 1300, Куманово
тел. 031 425-201

Групни изложби:

| | |
|---|---|
| Куманово - | Самоуки 1993, 1994, 1995, 1996, 1997 |
| Скопје - | КИЦ “Ликовни аматери на Македонија 1996“ |
| | КИЦ “Ликовни аматери на Македонија 1997“ |
| | Дом на АРМ - Изложба на ДЛАМ |

Награди:
Самоуки 1994 - II награда, Самоуки 1995 - III награда, КИЦ Скопје - II награда 1996



**Пенџере** или прозорец.

Ова именка е изведена од зборот прозрачен и тоа во неговото изворно значење, во конкретниот случај да погледнеш низ нешто, да се проспре со поглед, но не во оној денес вообичаен, апстрактен смисол, да се проникне во нешто, да се сфатат нечии мисли, намери... Интересно е што се прозорецот значи или значел. Освен денешното, дека тоа е отвор во ѕид на зграда низ кој влегуваат светлина и воздух како и, рамка со стакло која тој отвор го затвора, прозорецот е и тесен отвор низ кој се гледа внатрешноста на нештата. Кај некои писатели прозорецот е и прострелна рана, а кај другите прозорецот е око ... Прозорецот е стар збор (се среќава уште во 13-ти век) и го има во јазиците на скоро сите Јужни Словени. Синоним за прозорецот е окно, под кое се подразбира прозорско крило. Со доаѓањето на Турците на Балканот се проширил зборот пенџере кој и денес се користи. Значи, **пенџере**. Идејата да се земе пенџере или прозорец како мотив за една слика и не е некоја нова идеја. Меѓутоа, нив навистина ги има многу и толку се различни што оставаат можност одново да се истражува. Тајноста што секое пенџере ја носи како и, душевната состојба на оној којшто ќе погледне во него секогаш предизвикуваат некакво чувство: рамнодушност, тага, радост, среќа... Најголем број на пенџериња се тука да ги сокријат тајните на еден дом, но некогаш и да ги откријат. Убавината на секој дом сепак е внатре. И токму затоа жените се зад пенџериињата. А повторно сите тие одвнатре гледаат надвор... Гледајќи во ”моите” пенџериња Вие добивате ексклузивно право да ѕирнете со мои очи во визби и собчиња полни со топлина и убавина на еден дом, без притоа да Ви биде незгодно или непријатно затоа што сте непристојни и се ѕверите во туѓи пенџериња. Ви посакувам пријатно гледање.

Авторот



Приближувајќи се кон делата на Ненад Стошиќ не можете да не почувствувате филмска магија, како да се наоѓате зад филмска камера која снима од една перспектива на човек качен на скала, фатен во намерата да ѕирне низ прозорецот! И што сега? Ќе се симнете засрамени или ќе имате храброст да го отворите прозорецот! Или и понатаму ќе останете без зборови, обидувајќи се да разберете што сака да Ви каже убавата жена од другата страна на прозорецот! Што и да биде Вашиот избор верувам дека авторот ќе биде задоволен, бидејќи кај Вас за момент ќе испровоцира размислување за неговата идеја, за тоа дали помеѓу нас постојат прозорци кои никогаш немаме храброст да ги отвориме или тие се присутни само во уметноста делејќи го имагинарното од реалното, духовното од материјалното...
Можеби, пак, прозорецот треба да го сместиме во некое поминато време на што инсистира и авторот и по голем период на чекање, отварајќи го истиот, да го почувстуваме духот на личностите од "другата страна", кои обликувани од вештата цртачка рака на Ненад Стошиќ од една страна и нашето лично доживување од друга, нè исполнуваат со широк дијапазон на чувства и перцепции. Носителите на атмосферата, женските лица во разни емоционални состојби, вешто поставени во композициона целина која доминира во најновиот циклус на Ненад Стошиќ со наслов "Прозорец", покажуваат дека со останувањето во рамките на некои поранешни ликовни истражувања, со нивна перманентна надоградба, може да проектира сосема нова траекторија по која ќе се движи творештвото на овој автор во иднина.

Роберт Цветковски,
историчар на уметноста









КУМАНОВО
15 19
КУМАНОВО
ГРАД НА КУЛТУРАТА 2006

Издавач:
Национална установа
Центар за култура “Трајко Прокопиев“
Куманово
За издавачот: Жика Крстевски
Организација: Роберт Цветковски
Фотографии: Миодраг Стојановски Бато
Дизајн и компјутерска подготовка:
Страшо Арсовски
Печати: “Бато-принт“ - Куманово,
Тиража: 300, Куманово 2006